I

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-8/4**
**Скопје,20.01.2026 година**

# Записник од триесет и шеста седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 20.01.2026 година

Присутни:
г-дин м-р Башким Бесими – Претседател
г-ѓа Марјана Илиеска – Заменик претседател
г-ѓа Анита Тополова Исајловска - член
г-дин Фатих Алиу -член
г-дин Ардиан Демири -член
г-ѓа Душица Димитриеска –член
г-ша Јелена Догазанска Колева - член
Г-ѓа Кети Петкова-член
г-дин Ермон Незири -член
г-ѓа Зорица Павловиќ -член
г-ѓа Светлана Стојковиќ –член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-дин Башким Бесими констатираше дека на седницата се присутни сите членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на триесет и шестата седница на Советот.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја отвори триесет и шестата седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред да биде дополнет со уште една точка и тоа Формирање на Комисија по известувањето на јавниот обвинител Ленче Ристовска согласно законот и правилникот за постапката за обезбедување и гарантирање на самостојноста на јавните обвинители, по што Дневниот ред би гласел:

1. Усвојување на записникот од 34-та седница на Советот
2. Разгледување на писмените изјави за продолжување на вршење функција јавен обвинител за една година, согласно Законот за измена и дополнување на законот за работни односи (Сл. Весник на РСМ бр. 39/25) од 20.02.2025 година

3. Донесување на одлука за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Скопје
4. Донесување на одлука за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Тетово
5. Формирање на Комисија по известувањето на јавниот обвинител Ленче Ристовска согласно законот и правилникот за постапката за обезбедување и гарантирање на самостојноста на јавните обвинители.
6. Разно

Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред едногласно од страна на членовите на Советот беше усвоен записникот од 34-та седница на Советот.

Под точка два од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека согласно Законот за работни односи, барање за продолжување на работниот однос и вршење на јавнообвинителската функција за една година имаат поднесено неколку јавни обвинители. Дел од овие барања се поднесени во законски рок, а дел од барањата не се така што на последните нема да им се одговори позитивно, односно нема да им се продолжи работниот однос на тие јавни обвинители за уште една година. Откако никој не зема збор Советот донесе:

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе решенија за продолжување на функцијата јавен обвинител за уште една година согласно чл.104-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, во однос на јавните обвинители Горан Пешевски, Софка Ќека Наумова, Џелал Хусмани, кои поднеле барања за продолжување на работниот однос во законскиот рок.**

Под точката три од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека на огласот за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Скопје се имаат пријавено 5-пет кандидати и тоа јавните обвинители Гаврил Бубевски, Тања Трајчевска, Анел Фидоски, Дејан Петрески и Спасенка Андонова. Воедно ги запозна членовите на Советот со кратката биографија за секој јавен обвинител поединечно.Кажа дека секој кандидат ги исполнува условите предвидени со закон, дека сите се позитивно оценети по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-дин Ермон Незири кој кажа дека доаѓа од скопското обвинителство, ги познава сите пријавени кандидати, но неговата поддршка ја добива јавниот обвинител Гаврил Бубевски. Кажа дека може личи субјективно, меѓутоа зборува објективно, дека пред да дојде во Советот, бил заменик во скопското обвинителство. Смета дека Бубевски заслужува уште еден мандат, дека кога почнал со работа немало ниту еден истражител, а сега има 13, цени дека тоа е успех. Од изготвената Програма од негова страна се гледало дека ова обвинителство има над

еден милион евра конфискација, оценето е најдобро за транспарентност, откако Бубевски е шеф на обвинителството, дека меѓународната соработка е подобрена и зајакната, дека е предвидена целосна дигитализација во протокот на предмети и независност при нивното одлучување, дека е формиран истражен центар. Доколку повторно биде избран, обвинителството сигурно ќе се насочи кон финансиски истраги и конфискации, неговото знаење одело во таа насока.

Г-ѓа Светлана Стојковиќ кажа дека јавниот обвинител Гаврил Бубевски успешно четири години раководи со ОЈО Скопје, кое е најголемо јавно обвинителство во државата, гледано по број на предмети, на јавни обвинители, јавнообвинителска служба, воопшто по број на вработени, а исто така и по број на сложени предмети по кој постапува во смисла на тежината и видот на кривичните дела, на преземените истражни дејствија и слично. Тоа говори за сериозноста и одговорноста на улогата да се менаџира и раководи ова ЈО. Од пријавените кандидати изјави дека ќе гласа за еден од нив за кој е сигурна дека може да одговори на одговорностите и задачите на функцијата ОЈО на ОЈО Скопје. Кажа дека најголемо работно искуство од пријавените кандидати имаат Гаврил Бубевски и Спасенка Андонова, што било почетна точка од каде тргнала во нејзината определба. Со тоа што ЈО Гаврил Бубевски веќе има искуство и како шеф на ова обвинителство, а со тоа и одредена предност, бидејќи ги знае сите состојби, проблеми, предизвици со кои се соочува во работењето ова јавно обвинителство, како и начинот на справување на истите или пак унапредување на добрите практики. Смета дека тоа му дава добра основа за да изготви Програма за работа на ОЈО Скопје за наредните четири години, која ја достави до Советот, а во која се содржани накратко постигнатите резултати од изминатите четири години, меѓутоа и неговата визија и активностите кои има намера да ги резлизира во понатамошниот период доколку е повторно избран за шеф на ОЈО Скопје. Кажа дека ќе гласа за овој ЈО меѓудругото бидејќи ужива почит, углед и авторитет меѓу своите колеги ЈО и др. вработени во обвинителството, создавајќи релаксирана атмосфера за работа и чувство за тимска работа и колегијалност. Тоа е нејзина перцепција бидејќи нема некаква мериторна анализа и статистика, односно кажа дека е резултат на контактите со ЈО и вработените во обвинителството до кои доаѓа како резултат на работата член на Советот.

Заменик претседателот на Советот г-ѓа Марјана Илиевска кажа дека како член на Комисијата која го спроведувала интервјуто со пријавените кандидати за ОЈО на ОЈО Скопје, предност би му дала на кандидатот Анел Фидоски од причина што од спроведеното интервју стекнала впечаток дека истиот поседува интегритет во работа, дека имал визија за унапредување на ефикасноста, транспарентноста и одговорноста на работата на јавните обвинители и подготвеност за примена на современи тактики и стандарди во работењето на јавното обвинителство. Воедно кажа дека ќе гласа за овој кандидат за да биде избран за ОЈО на ОЈО Скопје.

Г-дин Ардиан Демири каже дека бил член на Комисијата која го спроведувала интервјуто со пријавените кандидати за ОЈО на ОЈО Скопје. Каже дека сите кандидати се искусни и квалитетни, но личен впечаток кој го стекнал во текот на интервјуто со сите кандидати најголем впечаток му оставил кандидатот Анел Фидоски, од причина што смета дека се наоѓаме во фаза кога има потреба од подинамични кандидати. Смета дека со овој кандидат може да се постигне подобрување во работењето на ова јавно обвинителство. Воедно кажа дека ќе гласа за овој кандидат за да биде избран за ОЈО на ОЈО Скопје.

Г-ѓа Кети Петкова кажа дека Советот согласно ЗЈО не составува ранг-листа при изборот, како што се прави во Судскиот совет, па оттука сите кандидатите се ценат по лична перцепција. Со оглед на фактот дека сите кандидати кои ги исполнуваат условите имаат позитивна оценка, значи дека сите работеле законито. Во овој случај само, Гаврил Бубевски можел најмногу да се покаже како шеф бидејќи бил прв човек на обвинителството, а другите ја немале таа шанса. Според концентрацијата на предметите и опфатот, тоа е едно од најважните обвинителства. Смета дека Бубевски не покажа дека во вистинска насока го води ова јавно обвинителството. Кажа дека се има создадена перцепција во јавноста за ова јавно обвинителство за неажурност во постапувањето на јавните обвинители по кривични пријави доставени од МВР, како и немање доволна соработка со МВР. Исто така има многу заостарени предмети и јавните обвинители работат со мала ефикасност по однос на решените пријави, па смета дека се тоа е резултат на лошо менаџирање на ова јавно обвинителството. Смета дека треба да се даде шанса на друг обвинител, кој ќе внесе нов дух во водењето на ОЈО Скопје. Воедно кажа дека не би гласала за кандидатот Дејан Петревски од причина што тој нема доволно години работно искуство.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Скопје.

Кандидатот Гаврил Бубевски доби 5 гласа ЗА , 3 гласа ПРОТИВ и 3 гласа ВОЗДРЖАНИ, кандидатот Тања Трајчевска доби 1 гласа ЗА, 8 гласа ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, кандидатот Анел Фидоски доби 7 гласа ЗА, 2 ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, кандидатот Дејан Петрески доби 0 гласа ЗА, 8 гласа ПРОТИВ и 3 гласа ВОЗДРЖАНИ и кандидатот Спасенка Андонова доби 1 глас ЗА, 6 гласа ПРОТИВ и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на јавниот обвинител Анел Фидоски за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Скопје.**

Под точката три од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека на огласот за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Тетово се има пријавено 1-еден кандидат и тоа сегашниот ОЈО на ОЈО Тетово г-дин Бесир Алиу.

Кажа дека кандидатот ги исполнува условите предвидени со закон, дека е позитивно оценет по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-дин Фатих Алиу кажа дека согласно законските одредби од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ се иззема од оваа точка од дневниот ред по што ја напушти седницата.

Г-дин Ермон Незири кажа дека станува збор за еден кандидат и ја дава својата подршка за истиот. Кажа дека има увид како функционира ОЈО Тетово, дека кандидатот веќе ја извршувал успешно таа функција и тоа за период кога ова јавно обвинителство се соочувало со недостаток на јавни обвинители. Истакна дека ова обвинителство работи согласно законските одредби и јавниот обвинител се залага за подобрување на состојбите во ова јавно обвинителство. Кажа дека ќе го даде својот глас за овој кандидат.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова како координатор за ова подрачје кажа дека ОЈО Тетово под раководство на сегашниот јавен обвинител кој е повторно кандидат за ОЈО на ОЈО Тетово, бележи подем и успех во работењето. Наведе дека во извештаите за работа на ова јавно обвинителство секогаш има пофалби како функционира без оглед што имало и недостаток на јавни обвинители согласно предвидената систематизација. Кажа дека сите потешкотии со кои се соочило ова јавно обвинителство биле совладани. Од тие причини дава подршка за досегашниот шеф на ова јавно обвинителство и смета дека треба да продолжи да ја извршува досегашната функција.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Тетово.

Кандидатот Бесир Алиу доби 10 гласа ЗА

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на јавниот обвинител Бесир Алиу за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Тетово.**

Пред да се помине на точката пет од дневниот ред на седницата се врати членот на Советот г-дин Фатих Алиу.

Под точка пет од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека Советот треба да формира Комисија по известувањето на јавниот обвинител Ленче Ристовска согласно законот и Правилникот за начинот на водење на постапката за обезбедување и гарантирање на самостојноста на јавните обвинители. Воедно за членови на Комисијата ги предложи г-ѓа Марјана Илиеска, г-дин Ермон Незири и г-дин Ардиан Демири.

Предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше прифатен од страна на членовите на Советот.

Под точка разно од дневниот ред членот на Советот г-ѓа Светлана Стојковиќ ги запозна останатите членови со претставката за несовесно и нестручно работење на јавен обвинител од ОЈО Скопје. Воедно ги запозна членовите на Советот за нејзиното постапување по оваа претставка и предложи претставката со сите списи да се достави до ВД ЈО на ЈОРСМ на понатамошно постапување. Исто така ги извести членовите на Советот за предмет по друга претставка која веќе била изложена на седница на Советот каде имало сомнение за сторена дисциплинска повреда од страна на јавен обвинител во ОЈО Скопје и дека е добиена информација од јавен обвинител од ЈОРСМ дека веќе е поведена дисциплинска постапка за неажурно постапување по предмети против предметниот јавен обвинител, така што и овој предмет ќе бил доставен до Дисциплинската комисија во ЈОРСМ.

Откако друг никој не зема збор, Претседателот на Советот ја заклучи триесет и шестата седница на Советот.

Записникот го водел
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Башким Бесими**